**НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА „ОРКЕСТАР ЗА ЏЕЗ МУЗИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА“**

Основната дејност на Национална установа „Оркестар за џез музика на Република Северна Македонија“ – Скопје, е подготвување и јавно изведување на висококвалитетни музички дела од областа на џезот и сите сродни жанрови кои гравитираат или се изведени од оваа музичка култура.

Националната институција е формирана на иницијатива на Здружението на џез-музичари (ЗЏМ), кое со својот биг бенд во изминативе години постигна голем успех во државата, регионот и Европа. Со своите концерти пополни голема празнина во овој дел на музичката култура во Република Северна Македонија.

Преку оваа установа се негуваат талентираните џез-музичари кои работат во државата и им се овозможува траен и одржлив ангажман што ќе создаде услови тие да создадат врвни дела и да ја афирмираат џез-културата, како и да ја популаризираат македонската џез-музика.

Со оглед на празнината што ја имаше државата со непостоењето на ревиски оркестар, оваа установа ќе се грижи за подобрување на музичката продукција, ќе се залага за едукација на млади таленти и ентузијасти, ќе организира џез-фестивали и настани кои ќе помогнат во негување на џез-културата на територијата на целата држава и ќе работи на сопствено вмрежување во меѓународни организации кои ја негуваат истата дејност.

Оркестарот на Здружението на џез-музичари веќе се имаше докажано како врвен ансамбл, на ниво на светските стандарди, а како национална установа ќе продолжи да го одржува и подобрува нивото. Примарна функција останува концертната дејност, како и организирање работилници и други музички изведби со кои ќе настапува дома и во странство, а ќе продолжи со  вмрежување со европски и со светски сродни институции според практиката што веќе е установена.

Вебсајт: https://jazzorchestra.mk